**ЗАПИСНИК**

Од третата седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 26.02.2024 г. (среда) во 15:00 во Стара сала на ННС. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Саша Тофоска, Калина Георгиева, Бојана Бурческа, Лука Стојаноски, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска и Анастасија Кипариз Крстеска.
Отсутни: Петар Китанчев, Тамара Кунцулова, Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Стефан Андоновски, Катерина Антовска, Бојан Палитов, Димитрија Настески, Ивона Тодорова, Лина Рангелова и Сара Мишева.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Утврдување на записник од втората седница на ФСС;**
2. **Драфт верзија на План и програма на ФСС;**
3. **Комисиско надополнување и насоки за работа;**
4. **Комуникациска и маркетинг стратегија;**
5. **Утврдување на истек на мандат;**
6. **Активности и**
7. **Разно.**

**ТОЧКА 1. Утврдување на записник од втората седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Драфт верзија на План и програма на ФСС**

Претседателот укажа дека планот и програмата на ФСС ќе се состои примарно од предлозите кои ќе дојдат од комисиите, но столбовите на програмата треба да ја адресираат мобилноста и респонзивноста на ФСС во креирањето на настани и поттикнување на свеста и критичката мисла кај студентите, како и подобрена комуникација со студентите.

**ТОЧКА 3. Комисиско надополнување и насоки за работа**

За оваа точка, Кире Јованов ги објасни насоките за пополнување на кратките формулари од сите комисии засебно. На тоа Тофоска предложи истите да бидат ставени онлајн на драјв верзија, на кое сите се сложија, со цел поголема ефективност и пристапност при пишување.

**ТОЧКА 4. Комуникациска и маркетинг стратегија**

Претседателот ги извести членовите дека се очекува подобрена комуникација на билатерална база преку креирање на вибер групи на сите студенти на Правен факултет, и една која би ги вклучила само координаторите и определени членови на ФСС. На тоа, Шишкоска потсети дека веќе има една вибер група насловена како „Правен факултет“, со што заклучокот беше дека има потреба од група во која би членувале само студенти, без професорите, што беше поздравена од сите.

**ТОЧКА 5. Утврдување на истек на мандат**

По претходно писмено доставена неотповиклива оставка на членот Бојан Палитов од трета година правни студии, ФСС ја констатираше неговата одлука, и со тоа престанува мандатот на истиот член.

**ТОЧКА 6. Активности**

Во меѓупериодот до следната вонредна седница, беа потенцирани предавањето „Академско пишување“ на 28. Февруари и Крводарителска акција на 6. Март. За понатамошниот период се планираат разни панел-дискусии, јавни дебати и сл.

**ТОЧКА 7. Разно**

Членовите беа известени дека наредната недела ќе има вонредна седница на ФСС.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 18:40.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**,
Данило Крстовски

________________________

ФСС
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“